На својата Седница, Управниот Одбор ја донесе Одлуката за Усвојување на Извештај за спроведена адаптација на психолошкиот тест на личност НЕО-ПИ-3 (NEO-PI-3) во РСМакедонија со архивски бр: 0202-206/01, од 12.06.2019;
по што донесе и нова Одлука за впишување на психолошкиот тест на личност во Пописот на посебно заштитени психолошки тестови во РСМакедонија со архивски бр: 0202-207/01, од 12.06.2019.

Следат Информациите за Тестот:

Податоци за носителот на авторски права:**ПАР (PAR Psychological Assessment Resources, Inc)**

**Носители на авторски права за превод на НЕО ПИ3 на македонски и албански јазик за употреба во Република Македонија се:**
Вон.проф. **Маријана Марковиќ** и
Вон.проф.**Елеонора Серафимовска**
Универзитет Св.Кирил и Методиј,
Институт за социолошки и политичко - правни истражувања, Скопје
*Психолошка Лабораторија*

---

Целосно и скратено име на психолошкиот тест:

**NEO PI-3 оригиналот на англиски**
**преведената верзија NEO-PI3mk (НЕО ПИ-3мк) и NEO PI-3mkAlb (НЕО ПИ-3мк на албански јазик**

---

Податоци за правното или физичкото лице овластено и одговорно за дистрибуција на психолошкиот тест:
**ПАР (PAR Psychological Assessment Resources, Inc)**

Категорија на психолошкиот тест: **Б категорија (B category)**

Податоци за видот и намената на тестот НЕО ПИ3мк (на македонски и албански јазик):
1.Вид на тест: **Тест на личност, Инвентар на личност**
2.Главна примена: **Процена на личноста**
3.Опсег на примена: **Широк опсег на примена**
4.Целна популација: **Лица на возраст од 20 -59 години**
5.Начин на задавање: **Задавање во хартиена форма и електронско задавање**

6.Приказ на резултатите: **Графички приказ во форма на профил**. Податоците се трансформираат на Т-скала (каде што M=50, а S=10); **Наративен приказ на личноста** – краток приказ, лесно разбирлив и приспособен на корисниците.
7. Чувствителност на конструктот на контекстот: **Интензитетот на димензиите и поддимензиите чувствителен на контекстот (културен**).
Заснованост на тестот: **Теоретска-петтофакторски модел на личност**.